Јаков ЛАЗАРОСКИ

# АЛТРУИСТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Просоцијалното однесување е многу широка категорија. Тоа се однеусва на акти кои од општеството се позитивно вреднувани. Така помагањето (давањето помош на други) е форма на просицијално однесување, односно негова субкатегорија. Алтруистичкото однесување најчесто се дефинира како интенционален акт за доброто на други (A.S. Kahn, 1984). Интенцијата во полза на други е критичниот аспект на оваа дефиниција. Актот на давање помош е значи, мотивиран од желбата да му се направи добро на другиот без очекување некој вид награда. Но овде е вредно да забележиме дека не ретко е многу тешко да се определи кој акт е таков и дали во давањето помош на други е исклучен секој вид награда.

Други автори (Latane i Darley, 1970) под алтруистичко однесување подразбираат давање помош на друго лице без оглед на мотивите кои подвижуваат на помагање. На оваа дефиниција се забележува дека е непрецизна и неприфатлива зашто ако се зема предвид мотивот за помагање тогаш секој вид помагање во кое некој има полза може да се именува како алтруистичко (N. Rot, 1983).

Некои автори пак, наведуваат значајна евиденција дека и возрасните и децата реагираат со емпатија на несреќата на другиот (Levine and Hoffman, 1975). Тие посебно сугерираат дека емпатијата, емоционалниот одговор прикладен на ситуацијата на некого повеќе отколку сопствената нè мотивира да помагаме на други. Возрасните не само што покажуваат чувство на емпатија туку исто така стануваат физиолошки побудени од болката и патилата на други (Krebs, 1975). Ако луѓето конзистентно стануваат побудени од несреќата на други и ако таа побуда ги провоцира да помагаат на други тогаш очекуваме однос меѓу побудата и помагањето. Испитувањата покажале дека субјектите многу побрзо интервенирале со давање помош на жртвата (биле поиницијативни) кога биле емоционално побудени. Тоа има за последица луѓето добро да се чувствуваат кога ќе му помогнат на друг.

Такво е и определувањето на Аронфрид (Aronfreed, 1970) кој алтруизмот го дефинира како однесување кое се темели на емпатија со

други лица, а која ни овозможува да знаеме што таа доживува да претставиме дека нашата постапка ќе предизвика кај другиот задоволство и на нам ќе ни биде пријатна. Според тоа алтруистичкото однесување би било однесување кое го преземаме од задоволството што на други им чиниме задоволство. Според наведениот автор алтруистичкото однесување содржи три карактеристики: 1) соживување во психичката состојба на другиот; 2) антиципација на пријатни последици на нашите постапки за другиот; 3) сопствено задоволство со своите постапки. Суштината на алтруизмот значи е специфично емоционално доживување.

Постои и широко застапувано становиште според кое за алтруистичкото однесување може да се зборува само во случај кога се постапува според интернализирани морални норми. Без знаење за тоа што е морално, без трајни диспозиции спрема моралните норми, а кои стануваат регулатори на определување на алтруистичкото однесување се смета за претесно зашто од него произлегува дека не е алтруистичко однесување тоа што е предизвикано со чувствителност (емпатија) за потребите на други; се исклучува од алтруистичкото однесување постапка која се презема напросто од желбата и поради задоволството да се помогне на друго лице.

И бехејвиористички ориентираните Лантане и Дарли не придаваат голема важност на нормите како извор на алтруистичкото однесување. Наведуваат дека општествените норми се недоволно определени, противречни и непрагматични во конкретни ситуации. Но мора да се забележи дека нормите не се така безначајни, зошто иако многу од нив содржат генерализирано логичка универзалност и упатуваат на доследност во однесувањето кое е јасно индицирано. Општествените норми чија содржина е морална обврска за помагање на други, кога се интернализирани стануваат значајна движечка сила за алтруистички постапки. Додуша тие не се толку моќни колку што би можело да се заклучи од вербалното истакнување на нивната важност, но сепак се важна детерминанта на човековото однесување.

Општо земено, моралните вредности вклучувајќи ја и вредноста - помагање на други кога имаат потреба од помош може да се сметаат за идеали. Додека некои се држат за тие идеали многу повеќе отколку други и настојуваат да ги достигнат што е можно повеќе, повеќето луѓе изгледа имаат потреба за социјална поддршка за да се однесуваат спрема тие идеали. Прашањето на сопствениот интерес наспроти интересот на другите не е едноставно. За луѓето со просоцијална ориентација помагањето на други може да биде активност на задоволство. Кога луѓето со просоцијална ориентација помагаат тие дејствуваат според нивните идеали и го задржуваат сопствениот позитивен имиџ (Self-image). За жал задоволството што му е иманентно на помагањето и неговите крајни

резултати можат да не бидат истакнати затоа што можат да бидат интерферирани од условите кои водат кон сопствениот интерес (Self-concern). Кога таква интерференција од условите не постои (или е елиминирана) задоволството може да се очекува и да се искуси. Помагањето на други значи продуцира задоволство. Изворот на мотивацијата на луѓето за помагање на други може да варира од очекување екстерна награда (или избегнување казна) до себенаградување, до емпатично засилување на задоволството од направеното добро на други (Staub, 1974).

Содржината на социјалните вредности како што е алтруистичката вредност секогаш се однесува на изразито социјално однесување. Алтруистичката вредност укажува на определено социјално релевантно однесување. Таа вредност е диспозиција која е централна за човекот (Rokeach, 1973) и насочена кон цели пожелни и вредни за човекот, вредност која силно и широко го покренува на определено алтруистичко однесување. Затоа со право Г. Олтпорт (G. Allport, 1961) вели дека ако сакаме да ја покажеме суштината на личноста на човекот треба да се утврдат за него карактеристичните вредности.

Просоцијалното однесување може да се дефинира како акција која нема очигледна бенифиција освен за примателот. Традиционалните теоретски погледи на таквото однесување се базирани на забележувањето за интерниот механизам како што е свеста. Во психоаналитичката теорија на Фројд суперегото вклучува интернализација на вредности станувајќи дел на индивидуата и дејствува како силна принуда врз нејзиното однесување.

Различен поглед од интерната дирекција со просоцијалното однесување е оној на теориите на когнитивен развој. Моралноста се гледа како резултат на матурацијата и интелектуалниот развој низ индивидуалните фази, низ серии на развојни состојби. Спротивно на интерно ориентираните теории се надворешно ориентираните теории кои детерминантите на просоцијалното однесување го бараат во litсрединските услови. Таков систем е когнитивната анализа на Латане и Дарли кој ќе го опишеме подоцна. Евидентно е дека алтруистичкото однесување мултипло се определува.

Иако социјалните психолози сториле многу околу идентификувањето на психолошката основа на алтруизмот, сепак не може да се дадат задоволителни одговори за тие феномени кои ги бара просечниот човек. Многу интересни прашања за алтруистичкото и агресивното однесување по својата природа се биолошки, етички и филозофски, а не социјално-психолошки. Основното прашање дали ние сме во основа добри или лоши нема да остане ексклузивно на било која научна дисциплина.

Во осумдесеттите години голем дел од социјално-психолошките истражувања биле насочени во барање одговори на прашањата како што се: под кои услови поединецот ќе му помогне на друг во несреќа? Дали некои луѓе се повеќе склони да се однесуваат со сочувство (емпатија) отколку други? Зошто алтруистичкото однесување некогаш се случува, а некогаш не? Се трагало и се трага и по моралноста и социјалната одговорност. Преку овие прашања социјалните психолози се обидувале да ги идентификуваат условите под кои просоцијалното однесување се случува и тие услови да се објаснат: преку теоретски разгледувања на просоцијалното однесување, преку интерните механизми и ситуационите детерминанти, преку истражувања за идентификација на условите под кои луѓето се ангажираат во помагањето на други, преку обиди да се идентификуваат личните карактеристики на ангажираност во просоцијалното однесување, се даваат и сугестии за начините за зголемување на таквото однесување.

Изгледа дека и за овој феномен (алтруистичкото однесување) мора да се појде од фундаменталното правило за проучувањето на личноста и социјалното однесување, дека секој психолошки настан зависи од состојбата на личноста и во исто време од средината (ситуацијата), иако нивната релативна важност е различна во различни случаи (Lewin, 1936). Социјалните ситуации не само што влијаат туку во исто време се под влијание на однесувањето на единката. И кога постојат релативно трајни диспозиции за алтруистичко однесување нивната актуелизација зависи од многу услови. Од карактеристиките на ситуацијата, однесувањето на другите поединци, социјалните норми, во особините на личноста како и од нивната интеракција ќе зависи дали ќе дојде до манифестирање на алтруистичко однесување.

Токму за таков пристап се определуваме во оваа статија: алтруизмот како атрибут на личноста (однос меѓу специфичните персонални карактеристики и помагањето) и алтруистичкото однесување како последица на социјалните и ситуационите влијанија.

## 1. Алтруистичкото однесување и особините на личноста

Меѓу мноштвото детерминанти на помагањето битни се и карактеристиките на оној што помага. Сите ние имаме убедување дека знаеме некои луѓе кои се поподготвени за помагање, отколку други. Истражувањата покажале дека карактеристиките на поединци можат да влијаат во помагањето во некои ситуации но не мора тие исти луѓе нужно да помагаат во други различни околности. Нема константен однос

меѓу личноста и помагањето, известуваат некои истражувачи. Персоналниот фактор корелира со помагањето во некои ситуации и не може со точност да се предвидува однесувањето под различни околности.

Сепак бројни понови студии се обидувале да ги идентификуваат персоналните карактеристики што чинат некои поединци поверојатно, почесто да помагаат отколку други. Додека во многу поранешни студии е најден минимален или пак не бил најден однос меѓу специфичните персонални карактеристики и помагањето, поновите испитувања известуваат за постоење на таков однос. Имено, идентификувани се неколку персонални фактори кои се чини се во однос со просоцијалната личност како што се: висока самооцена (self - esteem), верување дека се има контрола над себе и сопствената судбина ниско одбивање на одговорности, релативно висок степен на морален развој на волја да се преземе одговорност за здравјето на другите (Aronoff and Wilson 1984; Staub, 1978). Просоцијалните луѓе исто така тендираат кон високо рангирање на вредноста - еднаквоста и посебно високо вреднување во полезноста, услужноста, љубезноста. Меѓутоа ниеден од наодите не бил конзистентен на ниво кога ќе може да кажеме веродостојно дека било која персонална црта е конзистентна во однос на помагањето (Schwartz, 1977).

Сепак и други автори наведуваат податоци дека алтруистичкото однесување значајно зависи од карактеристиките на личноста. Така на пример, се наведува дека кај возрасните од женски пол е најдена позитивна корелација на алтруизмот со блага екстраверзија, развиеност на социјалните вредности, со ниска потреба за постигнување и ниска потреба за доминација. Кај возрасните машки, алтруизмот бил поврзан со социјалната ориентација, отсуството на невротичност и блага конзервативност (Rot, 1983). Покрај веќе наброените се наведуваат и други својства како што се: интелигенција, религиозност. Се констатира дека постои висока позитивна корелација меѓу алтруистичкото оценување и збирот на цртите на личноста кои ја изразуваат просоцијалната ориентација на поединецот: чувство на одговорност, заинтересираност за благосостојбата на другите, усвојување на моралните и хуманите вредности и развиеноста на моралноста.

Се укажува и на можноста и потребата за разликување на автономен алтруизам (кој се наоѓа во срцевината на т.н. "Јас структура" на личноста) од инструменталниот алтруизам (Rosenhan, D.L., 1972, според Васовиќ М. 1975). Автономниот алтруизам ја означува суштинската карактеристика на личноста насочена кон жртвување за други. Оваа тенденција се активира спонтано, независно од надворешната ситуација и моменталните потреби на оној кој го презема алтруистичкото однесување. Во основата на инструменталниот алтруизам се наоѓа

тежнението да се помогне на другите и сопствената жртва да се прикаже поголема отколку што е навистина, како би била задоволена една или повеќе моментално незадоволени потреби на поединецот кој помага (излегување од анонимност, престиж, решавање на некои животни проблеми и сл.).

Една од причините за тешкотијата да се предвиди дали некој ќе помага лежи во посебната ситуација во која персоналните карактеристики можат да бидат во интеракција со ситуационите сили на комплексен начин. Студиите нашле дека поединците кои се ориентирани кон успех, очекување и компетитивност биле релативно конзистентни во степенот на просоцијалното однесување во различни социјални ситуации. Спротивно, кон сигурност ориентирани поединци, а кои се несигурни, анксиозни и зависни многу биле под влијание на однесувањето на други очевидци во вонредни ситуации (Ward and Wilson, 1980; Wilson, 1976).

Во едно сложено и обемно истражување за врската меѓу особините на личноста и алтруизмот, симулирани се разни состојби во кои се бара помош и создавани се услови во кои други присутни личности поттикнуваат или не поттикнуваат на помагање во ситуации во кои се бара различен степен на ангажирање. Со претпоставка дека особините на личноста како детерминанти на алтруистичкото однесување ќе се појават зависно од ситуационите фактори, авторот (Staub, 1974) заклучува дека постои висока позитивна корелација меѓу алтруистичкото однесување и синдроми на црти на личноста кои ги чинат: развиеност на чувство на одговорност, заинтересираност за доброто на другите развиена моралност, несебичност, љубов за луѓето - црти кои изразуваат социјална ориентација. Но со дејството на диспозициите за алтруистичко однесување истовремено постои силно влијание на ситуационите фактори: вид на помошта што треба да се даде, поттикнување од други лица, баран степен на ангажирање. Постои интеракција меѓу определени црти на личноста и ситуационите фактори. Однесувањето на оние личности кај кои е развиена просоцијалната ориентација ќе биде различна во различни ситуации. Кога условите се поволни, кога е потребен помал напор, кога е даден пример - ангажирањето во алтруистичкото однесување е почесто и поголемо кај лицата со изразена просоцијална ориентација. Просоцијалните карактеристики влијаат врз помагањето и тие можат да го модифицираат влијанието на другите детерминанти. За просоцијално ориентираните е битен начинот на гледање и мислење за здравјето и доброто на другите и за сопствената одговорност спрема другите луѓе. Од тоа како некој мисли за тие работи и од сопствената интерпретација на значењето на специфичните примери на

личната несреќа на другите ќе зависи и сопствениот суд за прифатливо решение (одлука) за реагирање. Од интерпретацијата за таквите настани како лична несреќа ќе бидат определени и сопствените емоционални реакции.

Когнитивната шема (верувања и вредности) спрема благосостојбата на луѓето може да води не само кон себенаградување или себеказнување, зависно од тоа како некој се однесува спрема други и кон емпатија со оној кој трпи. Тоа е во согласност со современите теории за емоцијата според кои психолошките реагирања на некој настан и интерпретација на тие реагирања се кодетерминанти на емоциите. Имено, процената на настанот може да биде определена како од степенот на физиолошката реакција на него така и од нејзината интерпретација. Оттука заклучокот дека околностите и личните карактеристики во интеракцијата влијаат врз помагањето.

Кон евиденцијата за постоење на алтруистичка личност од страна на истражувачите се надоврзува прашањето дали карактеристиките на личноста се поврзани со мотивацијата некому да се помогне како цел сама за себе (алтруистичка мотивација) или како инструментално средство за избегнување на вината или срамот поради непомагање (егоистичка мотивација)?

За таа цел група истражувачи (Batson C. at all. 1986) врз основа на претходни испитувања (Batson at all. 1986) одговорот на поставеното прашање (дали оние кои помагаат го прават тоа навистина да им помогнат на другите или да си помогнат себе си?), презеле сложено истражување во кое помагањето го посматрале во специфични, систематски варирани услови: кога е лесно и кога е тешко да се избегнат негативните последици по себе од непружањето помош. Во истражувањето се пошло од предвидувањето дека ако во врска со "алтруистичката" варијабла на личноста се утврди позитивната корелација со помагањето кога бегството од срамот и вината е тешко, а не кога е лесно, тогаш би имале доказ дека мотивацијата поврзана со помагањето е навистина егоистичка. Меѓутоа, ако се утврди позитивна корелација со помагањето кога бегството е лесно, а таа корелација да се намалува кога бегството е тешко, тогаш би имале доказ дека односната мотивација мора да биде навистина алтруистичка. Во истражувањето се проверувани четири варијабли на личноста: самопочит, социјална одговорност, припишување на одговорноста и диспозициска емпатија. Како дополнителна вријабла бил вклучен и редоследот на раѓање (со претпоставка дека подоцна родените, особено женските тендираат кон поголема емпатичност со сличните на нив отколку првородените). Авторите очекувале дека ако емпатичноста предизвикува алтруистичка мотивација тогаш

подоцна родените ќе покажат повисок степен на алтруистичка мотивираност.

Испитувањето било извршено во две сесии. Во првата сесија биле мерени варијаблите на личноста (како индикатори на алтруистичка личност). Во втората сесија секој субјект (биле опфатени 60 субјекти од женски пол) бил соочен со можноста да помогне.

Ако варијаблите на личноста (нивните мерења) бидат поврзани со егоистичка мотивација (за избегнување срам или вина за непомагање) тогаш се очекувала корелацијата со помагањето да биде позитивна во ситуацијата на тешко избегнување да се даде помош и близу до нулата во ситуација на лесно избегнување. Од друга страна ако мерите на карактеристиките на личноста бидат поврзани со алтруистичката мотивација тогаш корелацијата би требало да биде позитивна во ситуацијата кога било лесно да се избегне да се пружи помош и блиску до нула во ситуација на тешко избегнување.

Но авторите на ова истражување не нашле поврзаност меѓу алтруистичката мотивација и "алтруистичките" варијабли на личноста освен што во ситуација на лесно избегнување да се даде помош подоцна родените помагале значајно повеќе од прввородените. Тоа сугерирало дека нивната мотивација за помагање барем делумно била алтруистичка. Авторите утврдиле дека скоровите на скалите за мерење на варијаблите на личноста позитивно корелираат со помагањето но во ситуација кога било релативно тешко да се избегне самообвинувањето за неуспехот да се задоволи сликата за себе (во смисла на лице кое е добро, одговорно) ако не се помогне. Но, кога можело релативно лесно да се избегне помагањето, позитивните корелации исчезнувале. Значи оние кои помагале (просоцијална мотивација) тоа го правеле повеќе поради мирна совест, повеќе поради себе и сликата за себе отколку за благосостојба на лицето кое имало потреба од помош.

Врз ваквите резултати авторите се прашуваат дали треба да се заклучи дека алтруистичката личност всушност не е алтруистичка?

Нивниот одговор е - сеуште не, образложувајќи го тоа со повеќе причини: не се испитувани сите варијабли на личноста за кои се претпоставувало дека придонесуваат за алтруистичка личност; помагањето били испитувано само во една ситуација на неволјата; сите субјекти биле од женски пол. Но сепак според нив сето тоа не би требало да го засени фактот што неколку варијабли биле поврзани со мотивацијата за помагање, но таквата мотивација очигледно била егоистичка. Тогаш каде е алтруизмот кај алтруистичката личност? - Се прашуваат авторите, за да одговорат дека алтруизмот е во окото на посматрачот, односно како го дефинираме алтруизмот. Ако одржу-вањето позитивна слика за себе како добро, одговорно и грижливо лице

(тоа го мотивирало помагањето на оние со повисоки скорови на скалите за мерење на варијаблите на личноста) не е надворешна награда, тогаш може да се зборува за алтруистички димензии на личноста. Но ако се смета дека постои диспозиција што некои луѓе ги поттикнува повеќе да помагаат затоа што тоа ним им овозможува да остварат егоистички себични цели како што е на пример постигнувањето душевен мир, со "мирна совест" и избегнување срам и вина тогаш станувало збор за себичност односно за постоење на егоистичка, а не на алтруистичка личност.

Заземајќи став по овие прашања и интерпретацијата на резултатите од споменатото истражување од авторите би рекле дека не е многу битно дали во основата на просоцијалната (алтруистичка) мотивација лежат чувствата на срам и вина или настојувања да се обезбеди душевен мир и "мирна совест" ако помагањето е навистина во функција на благосостојба на оној кој има потреба од помош, а притоа давањето помош не е мотивирано со било каква уцена или е на штета на оној што е во неволја. Зашто задржувањето на позитивна слика за себе (наизглед како себичност) да се исклучува од просоцијалната мотивираност. Алтруистичките просоцијални акти веројатно се поврзани со внатрешните награди (и очекувањата на таквите награди) и со емпатички поткрепувани доживувања (Staub, 1978). Тоа е веројатно затоа што помагањето произлегува од согласноста на интернализираните социјални и лични норми (Rushton, 1980). Значи, за алтруистички акти можат да се сметаат и оние кои се во функција на обезбедување душевен мир. Според тоа битна е намерата да се помогне и за тоа да не се очекува стекнување материјална и социјална награда. Тогаш е оправдано становиштето дека алтруизмот не е алтернатива на егоизмот; тој е посебна форма на егоизам: кога наградите за просоцијално однесување се повеќе раководени од личното отколку од социјалното (Staub, 1978; Rushton, 1980). Ако вака се дефинира и сфати алтруизмот, тогаш, како што самите автори на споменатото истражување размислуваат, испитуваните варијабли на личноста би можеле навистина да ги одразуваат алтруистичките димензии на личноста.

Впрочем, потребите и целите, како што истакнавме во уводот, се огранизираат околу личноста на поединецот. Човекот реагира не само на другите поединци туку и на сопствените мисли и на своите сопствени чувства и така развива сознание за сопственото "Јас".

## 2. Социјални и ситуациони влијанија

Наспроти веќе изнесените сфаќања кои презентираат силни аргументи дека поседуваме алтруистички предиспозиции, често слушаме, читаме но и самите сме сведоци на инциденти кои покажуваат дека нема реагирање од луѓето на потребите на други. Што не е добро со тие луѓе, зошто се апатични, индиферентни?! Дали некои од мотивите за појавување или инхибирање на помагањето ќе се активираат и до кој степен е тоа функција на карактеристиките на ситуацијата во која ќе се најде поединецот? Каква е интеракцијата на персоналните карактеристики и на карактеристиките на ситуацијата и каков е нејзиниот ефект врз помагањето?

Социјално-психолошките истражувања се фокусираат на неколку ситуациони услови кои влијаат врз помагањето како што се: присуство на други и однесувањето на модел, карактеристики на дразбата (стимулот) за помагање: интензитет на потребната помош и можноста да се искористи дадената помош; условите во врска со потребата од помош; видови норми или правила за прифатливо (пожелно) однесување кои се битни во ситуацијата; леснотија или тешкотија за избегнување од ситуацијата без да се даде помош; интерперсонално влијание на помагањето односно што другите велат и чинат околу појавата на стимулот за помош и како тие го дефинираат прифатливото (пожелното) однесување (Staub, 1974).

И влијанието на другите може да се јави како ефект на карактеристиките на ситуацијата. Во многу ситуации, посебно кога сме збунети, ние ги гледаме другите за да сфатиме што се случило. Однесувањето на другите може да влијае како ќе ја интерпретираме потенцијално опасната ситуација.

Според Латане и Дарли (Latane and Darley, 1970) кога не сме сигурни како да го интерпретираме настанот тогаш гледаме во другите како ориентир. Во исто време другите можат исто така да гледаат во нас како барање помош за да си го објаснат настанот. Тоа најверојатно се случува за време на почетната состојба на настанот кога се можни различни интерпетации за него. Значи јасноста на настанот го определува социјалното влијание. Кога луѓето покажуваат знаци на болка очевидците многу поверојатно ќе им помогнат отколку кога такви знаци нема. Истражувањата сугерираат дека очевидците ќе го интерпретираат настанот како опасност во зависност како од јасноста на ситуацијата така и од однесувањето на другите луѓе.

Како тие два фактори делуваат?

Една хипотеза е дека кога ситуациите се двосмислени (нејасни неструктурирани) очевидците тендираат да ги посматраат другите за да

си ја објаснат ситуацијата. Така кога ситуацијата е нејасна однесувањето на другите може силно да влијае врз реагирањето на очевидците. Спротивно, кога ситуацијата е јасна (потребата за помош е очевидна), очевидците многу помалку ќе бидат под влијание на другите. Типичен ефект на очевидците (инхибиторски ефект од присуство на други) ќе се случи само во ситуација на групна изложеност на двосмислен настан. Тогаш луѓето со многу помала веројатност ќе интервенираат отколку кога се сами и се изложени на недвосмислена ситуација.

Битен е и ефектот на карактеристиките на стимулот за помагање. Човек кој лежи на улица може да биде виден како скитник или пијаница дури и тогаш кога тој трпи физичка болка. Општо земено, информацијата за изворот на персоналната несреќа може да ја редуцира нејасноста и така да се зголеми веројатноста за давање помош. Но таа информација исто така го специфира степенот на потребата од помош, корисноста на помошта, колку е важно помошта да се прими и каква помош е најпотребна. Веројатно поголема потреба повеќе мотивира и активира на давање помош.

Социјалните норми исто како и личните вредности кои пропишуваат (определуваат) давање помош се веројатно поимперативни кога некој има поголема потреба за помош. И оние луѓе кои се просоцијално ориентирани се појавуваат како посензитивни на социјалните влијанија какви што се токму другите луѓе но кога и околностите се фаворијабилни. Авторите наведуваат дури и типови на влијание на волјата да се помага на другите во несреќа. Природата на несреќата може да го индуцира степенот на помошта која е потребна и видот на однесувањето кое се бара - дали се бара иницијатива или не или дали се бара поголема или мала жртва за помошта што треба да се даде. Околностите поврзани за потребата од помош можат да придонесат за лесно одбивање да се помогне или пак да се помогне но под тежок притисок на евентуална социјална казна и доживеан страм или вина. Околностите исто така го прават помагањето прифатливо или пожелно или конфликтно со определени други норми релевантни за ситуацијата. Влијанието на другите луѓе врз помагањето е секако силно и тоа варира и има повеќе пројави.

Посматрањето на човекот кој има потреба од помош е важно за реагирањето на оној кој треба да ја пружи помошта. Ако причината за потребата од помош ни изгледа дека е внатрешна и е под контрола на жртвата обично реагираме негативно, со негативно чувство. На пример, на пијан човек обично не сме расположени да му помогнеме. Ако причината ни изгледа надворешна и таа не е под контрола на жртвата, нашиот одговор е позитивен и просоцијалниот акт веројатно ќе се јави (Weiner, 1980).

Посматрањето и на моделот кој помага ја зголемува подготвеноста да се помогне. Моделите предизвикуваат директно имитирање. Кога пак однесувањето на моделот е наградено тоа нè информира за потенцијалната егоистичка корист од помагањето на други. Моделите исто така обезбедуваат информација за социјалните норми. Социјалните норми што го потпомогнуваат помагањето се засновани на свест за правичност или на стандарди за тоа што е правилно и праведно. Персоналните норми пак се индвидуализирани и специфични стандарди кои нè водат во однесувањето и кои можеби произлегуваат од родителските модели.

Односите меѓу давателот и примателот на помошта се исто така битни. Перцепцијата на сличност со оној кој има потреба од помош ја зголемува волјата на другиот да му помогне. Општо земено, луѓето им помагаат повеќе на оние со кои имаат блиски односи отколку на непознати. Од перцепцијата на односите меѓу агресорот и жртвата зависи реагирањето на потенцијалниот дavател на помошта. Другите веројатно повеќе ќе интервенираат во случај на атак од непознат отколку на атак на сопругот врз сопругата.

И реагирањето на примената помош открива некои карактеристики за примателот, посебно во однос на помошта која поддржува наспроти помошта како закана. Помошта која примателот ја оценува како поддршка чини тој да се чувствува високо ценет, а помошта - закана кај примателот предизвикува чувство на инфериорност и потполна зависност. Помошта веројатно ќе биде перцепирана како закана од примателот со висока самооцена. Во блиско меѓузависен однос примената помош е обично позитивно искуство. Примената помош-поддршка го охрабрува примателот повторно да бара помош кога има потреба. Поединците кои примаат помош - закана ќе бараат идна помош ако се тие песимисти за нивната способност да ги контролираат идните настани, но не ако тие имаат големо чувство на контрола. Луѓето обично се повеќе волни да бараат помош од луѓе кои им се блиски отколку од непознати. Големата желба за успех ја зголемува мотивацијата да се бара потребна помош за саканиот успех.

Сличноста меѓу луѓето ("секоја птица кон своето јато лета") е значајна за социјалната интеракција и води кон поголема подготвеност за меѓусебно помагање. Кога сме со други што имаат слични вредности, интереси и верувања се чувствуваме многу позадоволни, а кога сме со на нас слични не се чувствуваме пријатно (Walster and Walster, 1963). Така цената да се биде со други слични е ниска, а бенифициите се големи. Врз основа на полза-штета факторот изгледа луѓето помалку ќе се ангажираат во давањето помош на оние кои не им се слични. Впрочем луѓето можат да покажат поголема подготвеност за емпатија со оние кои им се слични. Истражувањата сугерираат дека луѓето покажуваат

поизразити чувства на емпатија и докажуваат позабележителни психолошки знаци на побуденост кога се сведоци на болката на оние кои им се слични (Krebs, 1975; Stotland, 1969). Респективно тие веројатно ќе бидат емоционално инволвирани и повеќе мотивирани за интервенција.

ЛИТЕРАТУРА


Baron R.A., BYRNE D., GRIFFITT W. (1974), Social psychology, Boston: Allyn and Bacon, inc. str. 255-263; 265-315

Baron and BYRNE (1987), Social psychology, Boston: Allyn and Bocon inc. str. 260-285; 294-326

Brehm s.s., Kassin S.M. (1993), Social psychology, Boston: Houghton Mifflin Company, str. 295-343; 345-391

Little Brown and Company str. 144-177; 246-281

Daniel et al. (1986), Where is the altruism in the altruistic personality in: Journal of personality and social psychology, 1986, vol. 50. No. 1 str. 212 - 220

Kahn A.S. (1984), Social psychology, Dubugue, Lowa: W.M.C. Brown Publishers str. 194-223

Knight P.G. (1994), A multiplicative model of the dispositional antecedents of a procesional behavior: Predicting more of the people more of the time. Journal of personality and social psychology vol. 66 No. 1 str. 178-183

KRFČ D. Kračfild R.S., Balaki J.L. (1972), Pojedinac u društvu, Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Srbije str. 100-102

Lindgren H.C. (1973), An introduction to social psychology New York: John wiley and sons, inc. str. 433-458

Lindgren H.C. (1973), Contemporaru Research in social psychology, NewYork: John wileu and Sonc inc. str. 457-476

Lindrey and Aronson E. (1985), The handbook of social psychology II New York: Random house str. 1-62: 883-936

Rot. N. (1983), Osnovi socijalne psihologije Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva str. 259-270

Staub E. (1974), Helping a distresssed person: social personality and stimulus determinants, in L. Berkowitz (Ed) Advances in Ehperimental social psychology, vol 7 New York: Academic press str. 293-339

Zvonarević M. (1976), Socijalna psihologija, Zagreb, Školska knjiga, str. 423-424

Žužul M. i drugi (1980), Skala za procjenu dječjeg agresivnog i prosocijalnog ponašanja Zagreb. Primenjena psihologija, 11, str. 77-86.

Jakov LAZAROSKI

## ALTRUISTIC BEHAVIOUR

(Summary)

This article presents a synthetical survey of the theoretical concepts and the result of the empirical research of altruism as an attribute of personality ( the relation between, the specific characteristics and the adequate help), as well as the altruistic behaviour as the result of social and situational influence.

We define altruism as a form of social behaviour, namely as an intentional act of kindness to other people, without an apparent benefit, save for the recepient.

We assume that when there is a relatively lasting disposition for altruistic behaviour, its actualization depends on the social and sutuational influence. We prove in this article that social situations not onlu stirrs the altruistic behaviour but they are also under the direct influence of the person's behaviour.